**Обраќање на Министерката за одбрана Славјанка Петровска на Меѓународна конференција за нови идеи „Редефинирани приоритети: Нови реалности по украинската криза“**

22.09.2022 - Скопје

Почитуван Марјан Бојаџиев, ректор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје,

Почитуван Едвард Џозеф, соработник на Школата за меѓународни студии при Универзитетот Џон Хопкинс,

Почитувани претставници на димпломатскиот кор,

Почитувани професори, експерти,

Драги студенти, претставници на медиумите,

Благодарам за поканата. Чест ми е и задоволство да учествувам на еден ваков вид на Конференција која е составена и од учесници од различни средини меѓутоа и о дуважени професори.

Чест ми е што сум и со вас г. Џозеф како одличен познавач на приликите на балканот, а со тоа и на нашата држава и што во услови кога светот е соочува со една исклучително тешка и специфична криза можеме да ги споделиме нашите согледувања и моите како министерка за одбрана, меѓутоа и вашите се разбира од академската заедница и средина кои се исклучително важни во овие услови.

Не така одамна, пред почетокот на војната во Украина, бевме соочени со предизвиците кои ни ги нанесе КОВИД пандемијата, и тоа на нашите општества им нанесе тешки здравствени, социјални и економски последици со кои што се справуваме, се справувавме и се уште за жал се уште ќе се справуваме.

Плановите на државите се однесуваа на тоа како да излеземе посилни од таа пандемија, како да се справивме со сите тие предизвици, но за жал тие планови беа пореметени или изместени од она што се случи во Украина на 24 февруари оваа година.

Сведоци сме на најголемата безбедносна криза по завршувањето на Студената војна. Поминуваме низ исклучително тешки и драматични времиња поради тоа што се случува во Украина, поради војната и јас ова ќе го оквалификувам, и бесрамната агресија на Русија против друга европска нација која што сведоци сме дека донесе илјадници жртви и болка на граѓаните.

Руската агресија врз Украина ни докажа за жал уште еднаш дека мирот не е загарантиран и не е даден еднаш засекогаш и дека меѓународниот поредок заснован на правила за жал може да биде оспорен. И на вчерашниот ден, кога го одбележавме Меѓународниот ден на мирот, ден посветен на зајакнување на идеалите за мир и симбол на надежта за правичен и одржлив свет, потсетивме дека задачата за градење мир припаѓа на секој од нас. Сега повеќе од кога било ни треба глобална солидарност, посветеност и меѓусебна доверба.

Иако имаме бројни механизми и алатки, отворени канали за комуникација, преку дијалог и дипломатија, сепак не можеме да спречиме еднострани одлуки кои се носат а предизвикуваат насилство, смрт и уништување. Она што сојузниците го прават, сојузниците на НАТО Алијансата, е дека остануваат посветени на една од клучните задачи на НАТО, а тоа е одбрана и одвраќање. Одбрана на секој метар сопствена територија и одвраќање на трети земји од непријателски дејствија. Историјата особено поблиската покажа дека единствениот пат кон конечно и одржливо решение е дијалогот кој мора да ја добие својата шанса.

Изнудените и насилни референдуми кои се најавуваат дека ќе се одржат во окупираните делови на Украина, не се решение. И затоа е неопходно е итно примирје и разрешување на конфликтот единствено по дипломатски пат.

Но што носи оваа наша реалност? Списокот на нашите безбедносни предизвици е долг и е покомплексен од било кога. Денешните настани кои се случуваат во светот се навистина критични моменти за нашата безбедност.

Она со што се соочуваме сите ние без разлика дали се тоа граѓаните на Северна Македонија, Европа и светот е енергетската зависност и зависноста од други ресурси, ценовните шокови, климатските промени, но и сајбер нападите и дезинформациите и сето ова е само дел од низата предизвици со ко и Европа во моментов се соочува, а кои несомнено наложуваат да ги редефинираме приоритетите и да се адаптираме на новата реалност.

Енергетската зависност станува клучен предизвик за повеќето европски земји и може да ја предизвика безбедноста и стабилноста на земјите од евроатлантското подрачје. Поради порастот на цените на енергенсите импликациите се чувствуваат врз секој аспект од нашето живеење. Но, кога енергенсите стануваат оружје и средство кое треба да ја скрши всушност нашата волја, за да го поддржиме територијалниот интегритет на суверена држава на европско тло како што е Украина, тога ние треба да бидеме уште посилни и напорно да работиме да ја минимализираме зависноста и да го намалиме влијанието на овој предизвик и закана за нашите земји и во иднина.

Европа и НАТО се соочени со дополнителни предизвици и закани. Се посериозна закана за сите развиени општества претставуваат софистицираните хибридни и сајбер закани а веќе сведочиме дека цел на напади се и држави од регионот кои се и членки на НАТО. Критичната инфраструктурата која денес овозможува непречено функционирање на општеството е клучна за опстанокот и развојот на државата. Сериозните сајбер напади и последиците од загрозување на критичната инфраструктура се сериозен безбедносен предизвик на државите. Во последниот период во регионот идентификувани се и зголемен број на сајбер напади врз државните институции, невладините организации и централните банки. Токму овие, сајбер нападите и хибридните активности се насочени и кон слабеење на отпорноста на државите. Преку поткопување на општествената кохезија и нашиот начин на живот овие активности се насочени кон ослабување и поделба на земјите одвнатре. Овие алатки и средства претставуваат сериозна закана по безбедноста на регионот и токму затоа треба да посетиме се поголемо внимание на развојот на политички но и на неполитички алатки за да се спротивставиме на

хибридните активности како што се новите пристапи за одвраќање и справување со дезинформации.

Сериозен предизвик е во време кога се соочуваме со наплив на дезинформации да се избориме за вистинската информација, тоа дава дополнителна одговорност за институциите чии што претставник и сум. Тоа не значи дека треба да ја намалиме отвореноста, напротив треба да ја зголемиме транспарентноста на своето работење затоа што само на тој начин можеме да се бориме заедно со останатите општествени субјекти.

Предизвиците се големи, и многубројни но она што, и тука ќе завршам со моето кусо излагање, она што како ретроспектива може да го кажеме или како заклучок а тоа е нешто што говоревме неформално пред почетокот е дека во вакви услови се гледа исправноста на политичките одлуки кои се носеле во минатото.

Во 2018 година, кога се решаваше спорот со Република Грција, се донесе една не толку можеби едноставна или популарна одлука за затворање на тој процес, односно спор и благодарение на така постигнатиот договор Република Северна Македонија стана змеја членка на НАТО. Можете да замислите што ќе се случуваше во оваа држава ако не бевме земја членка на НАТО ако сето ова што се случува во државата. Понекогаш на политичарите не им е лесно да носат одлуки ама затоа седат во определени позиции. Вредноста и исправноста на одлуките се покажува после извесно време. Одлуката која нашата држава ја донесе како обединето за пристапување во НАТО Алијансата од оваа перспектива се покажува како мудра инвестиција во својата иднина. Република Северна Македонија служи како исклучителен пример за земјите на Балканот за тоа како гледате наред кон иднината и донесувате одлики тогаш кога е тоа потребно.